# АЛГОРИТАМ ЗА РАНО ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЦА РОДЕНИ СО ФАКТОР НА РИЗИК

*Елизабета М. ЗИСОВСКА*

Клиника за гинекологија и акушерство

***Резиме***

Многу фактори директно или индиректно се поврзани со стапката на морбидитет и морталитет кај новородените деца. Колку порано се открие ризикот, толку поголема е можноста за рана интервенција, лекување и намалување на фреквенцијата на несаканите последици. Ризик факторите за кои е утврдено дека го загрозуваат животот и/или здравјето на новородените деца се поделени во групи, зависно од периодот кога го манифестираат своето дејство на генетски ризици, ризици кои ги носи бремената жена пред концепцијата или се јавуваат во тек на бременоста; ризици појавени во периодот на раѓањето (интрапартални), и ризици појавени по раѓањето-проблемите кои секундарно може да го искомплицираат постоечкиот ризик. Сите претходно развиени скоринг системи квантитативно дефинирње на ризикот користат одреден број анамнестички, клинички и дијагностички податоци, но ниеден од нив не е универзално применлив во неонатологијата и не ги задоволува сите барања и очекувања Потребата за специфична национална листа беше водечка за креирањето и со консензус усвојувањето на Националната листа на неонатални ризик фактори за Република Македонија. Листата ги содржи факторите кои најдобро корелираат со раниот морбидитет, долгорочниот раст и развој и причините за раниот неонатален морталитет во земјата.

Алгоритамот за рана детекција на високоризичните новородени деца се базира на процедури во антенаталниот, интрапарталниот и постнаталниот период, и патиштата на решавање на проблемите ги следат одговорите на секое прашање во тек на идентификацијата на ризичниот фактор. Грижата за новороденото со ризик фактор е насочена кон целото семејство и тој концепт го препознава семејството како константа во животот на детето. Овој тип на грижа им пружа поддршка на родителите, им дава сила и храброст за да се справат со новонастанатата состојба. И да не се заборави во ниеден момент дека родителите не се само обични посетители, тие се централни личности во тимот на професионалци кои ја пружа